*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

---

**ПРЕДЛАГАЧ: ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**ИЗГОТВУВАЧ: СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**

# ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА
## за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2022 година

**Скопје, декември 2021 година**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр 5/2002) и член 88, став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.275/19, 14/20 и

215/21), Советот на Општина Карпош, на -------------- седница, одржана на _____ декември 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2022 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот на платите на државните служеници за 2022 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Карпош", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2022 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на член 88, став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.275/19, 14/20 и 215/21)

Вредност на бод

Вредност на бод

# Член 88

(1) Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници се утврдува секоја година со одлука на Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии, која се донесува во рок од десет дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Македонија, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниотрој на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

**(2) Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници во општините, градот Скопје и општините во градот Скопје се утврдува секоја година со одлука на советот која, на предлог на градоначалникот, се донесува во рок од десет дена од денот на донесувањето на одлуката за извршување на буџетот, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.**

(3) Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници се утврдува секоја година со одлука на основачот која, на предлог на надлежниот функционер, се донесува во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на буџетот на институцијата, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

(4) Вредноста на бодот од ставовите (2) и (3) на овој член не може да биде повисока од вредноста на бодот од ставот (1) на овој член.